Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

# -ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

**Архивски број:04-4719/11**
**Датум:19.06.2025**

Врз основа на член 2 став 2 и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/14 , 199/14, 27/16 и 35/18 и Службен весник на РСМ бр.198/18, 143/19, 14/20 и 208/24), член 23 став 4 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр. 167/15, 27/16, 120/18, 110/19, и Службен весник на РСМ бр.267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25), член 188 став 5 и член 212 став 17 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.32/24) и Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-847/5 од 28.06.2019 година, 02-1612/2 од 27.11.2019 година, 02-6011/2 од 29.12.2020 година, 02-215/2 од 31.01.2023 година и 02-59/2 од 05.01.2024 година, В.Д.Директорот на установата донесе:

## **О д л у к а**

За избор на кандидат за вработување на давател на јавна услуга по пат на јавен оглас

1.За извршител на работното место Психолог, звање на работното место стручен службеник од петто ниво, шифра на работното место **СО30303А05018**, еден извршител во Службата за услуги од социјална заштита - Оддел за услуги од социјална заштита, вид на образование – Психологија, по јавен оглас за вработување бр.01/2025, **СЕ ИЗБИРА Иле Махлијанов**.

2.Именуваниот кандидат ќе биде распореден на работното место од став 1 на оваа одлука по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на интернет страната на ЈУМ ЦСР Велес и на Огласната табла на установата.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување за обезбедени финансиски средства бр.19-2528/2 од 04.04.2025 година од Министерството за финансии доставено преку Министерството за социјална политика, демографија и млади, донесена е Одлука за пополнување на слободно работно место со вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас бр.04-4719/1 од 02.06.2025 година и е објавен Јавен оглас бр.01/2025 за пополнување на работно место со вработување бр.0401-4719/2 од 02.06.2025 година, објавен на ден 03.06.2025 година во два дневни весника од кои еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик – Слободен печат и еден од весниците кои се издаваат на јазикот кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk

кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот – Лајм, како и на интернет страната и на огласна табла на установата.

Со Одлука бр.04-4719/1 од 02.06.2025 година формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката на административна селекција на кандидатите и интервју. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за вработување изготви Записник од административна селекција бр.0401-4719/4 од 13.06.2025 година, Записник од административна селекција бр.04-4719/5 од 17.06.2025 година и Записник од спроведено интервју со кандидатите бр 04-4719-6 од 18.06.2025 година, при што состави Финална ранг листа од одржана административна селекција за јавен оглас бр 01/2025, бр.0401-4719/8 од 18.06.2025 година со предлог одлука за избор, кои ги достави до В.Д.Директорот на ЈУМ ЦСР Велес.

Врз основа на изготвената ранг листа и предлог одлуката, В.Д.Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Велес изврши избор и донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка во работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на Одлуката за избор на кандидат..

Доставено до:
-Кандидатот
-Оддел за административни работи
-Архива

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес
**ВД Директор**
**Нада Трајкова**


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk